# РЕФЕРАТ

За избор на наставник по предметот меѓународна економија на Економскиот факултет во Прилеп

Врз основа на чл.140 од Законот за високо образование, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп на седницата одржана на ден 14.04.2006 година донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот меѓународна економија во состав:

1. Д-р Сашо Атанасоски, редовен професор, Економски факултет,Прилеп
2. Д-р Десанка Василева, редовен професор во пензија
3. Д-р Марика Башеска, редовен професор, Економски факултет,Прилеп

Согласно на релевантните одредби од Законот за високо образование на РМ и Статутот на Економскиот факултет- Прилеп, како и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски", а по разгледувањето на пристигнатите материјали Комисијата до Наставно-научниот совет на економскиот факултет- Прилеп го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весникот "Утрински весник" од 29.03.2006 година за избор на наставник по предметот меѓународна економија се пријави кандидатот д-р Славица Роческа, редовен професор на Економскиот факултет во Прилеп. По разгледувањето на поднесената документација од страна на кандидатот, согласно на конкурсните услови, го констатираме следново:

### 1. *Биографски податоци*

**Име и презиме:** Славица Роческа

**Датум и место на раѓање:** 24 февруари 1960 г.. Прилеп, Р.Македонија

**Адреса:** ул."Кузман Јосифоски" бр.38, 7500 Прилеп

**Образование:**

- дипломиран економист, Економски факултет-Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, 1982 год

- постдипломски студии, магистер на правни науки, Правен факултет,Скопје,Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје, 1988 год.

- доктор на економски науки, Економски факултет-Прилеп, Универзитет, "Св.Климент Охридски", Битола, 1993год.

**Области на професионален интерес:**
- меѓународен развој, меѓународна економија, меѓународна трговија

**Изборни и раководни функции:**
- шеф на катедра за меѓународна економија;
- раководител на последипломски студии по Меѓународна економија и бизнис

**Членство во научни асоцијации:**
- European Association of Development Research and Training Institutes, Bonn
- Друштво за наука и уметност- Прилеп

## 2. Наставно-образовна дејност

Целокупниот досегашен ангажман на кандидатката Славица Роческа во наставно-образовниот процес на Факултетот е во контекст на нејзината професионална определба и се реализира преку предавањата на неколку дисциплини од областа на меѓународната економија и бизнисот. При тоа, следејќи ги и респектирајќи ги релевантните трендови во трансформацијата на современите образовни системи, а со цел квалитативното подобрување и усовршување на образовниот процес, д-р Славица Роческа настојува да врши перманентни иновирања на наставните содржини и да имплементира современи едукативни методи. Во таа насока, д-р Славица Роческа реализира повеќе студиски престои во странство коишто беа во функција на реструктуирање и усовршување нанаставната програма од областа на меѓународната економиј, и тоа:

College of Europe, Bruges, Белгија,во рамките на ТЕМПУС проектот за Континуирана едукација за европски работи: основање на Тренинг центар за Европска интеграција, од 06.03.2004г. до 19.03.2004г.

Едномесечен студиски престој на University of Pavia, Department of Political Economy and Quantitative Methods, Италија, визитинг професор и визитинг истражувач, октомври 2002 год.

Едномесечен студиски престој на Bradford Business School, Bradford and Ilkley Community College, во Брадфорд, Велика Британија во рамките на програмата ТЕМПУС, а со цел усовршување на едукативните методи и наставните програми, октомври 1998 год.

Студиски престој при Central European University Budapest, Curriculum Resource Center, ноември 1997год. , со цел унапредување и

осовременување на курикулумите за дисциплините меѓународна економија – (меѓународна трговија и меѓународни финансии).

Студиски престој во САД на Arizona State University - College of Business, есенски семестар 1995год., во рамките на реализацијата на програмата за унапредување на образованието во областа на бизнисот и менаџментот.

## *3. Научноистражувачка дејност*

Врз основа на поднесениот список на научни и стручни трудови на кандидатката, Комисијата констатира дека таа во континуитет ги следи и истражува појавите и процесите во доменот на меѓународната економија. Нејзиниот творечки опус е обемен и со респектабилна научна вредност, што несомнено се потврдува преку учествата на бројни домашни и меѓународни научни собири, учествата во истражувачки проекти и објавените три книги и повеќе статии во стручни публикации. Ваквите констатации ги потврдува следниот список на презентирани и/или објавени научни и стручни трудови :

***Меѓународни проекти***

Continuing Education in European Affairs: Establishement of a "European Integration Training Center (EITC), TEMPUS, JEP –17013-2002, 2003-2006

The European Union and the Balkans: Paths to Integration, Postgraduate Studies, Distance Learning Project, Lecture- "Approaching the European Union-Western.Balkan SAA countries: Case of Macedonia" Working group sessions: Belgrade 19-21 January 2002,

***Учества на меѓународни научни собири***

Компетитивноста во новата економија, *Меѓународна конференција "Предизвиците на новата економија"* ,Економски факултет- Прилеп 14-16 октомври 2005, Охрид

Глобализацијата и новата економија, *Меѓународна конференција "Предизвиците на новата економија"* Економски факултет Прилеп 14-16 октомври 2005, Охрид (во коавторство со д-р Сашо Атанасоски)

Balkan Countries in the Global Economy: Present and Prospects, *11th EADI General Conference, Insecurity and development*, Regional issues and policies for an interdependent world, Bonn, 21-24 September,2005
http://eadi.org/gc2005/confweb/papers/Slavica_Roceska.pdf

Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој, *Меѓународен симпозиум "Регионалната соработка и економскиот развој"*, Економски факултет-Прилеп, 20-21 јуни 2003 год., (во коавторство со д-р Сашо Атанасоски)

Economic cooperation between the European Union and South-Eastern Europe: Towards Stability, Integration and Growth, *10th General Conference of EADI " EU Enalgement in a Changing World, Challenges for Development Co-operation in the 21st Century"* , 19-21 September 2002, Ljubljana, Slovenia

Globalization: a synergy of diversities, *workshop "The challenge of globalization and the problems of large semi-peripherial countries"*, Russian Academy of Sciences, Institute of World Economy and International Relations and EADI, Moscow, june 2001

Економската соработка и интеграција на земјите од Југоисточна Европа нов развоен дискурс, *Меѓународен симпозиум "Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа"*, Економски факултет-Прилеп, декември 2000 (во коавторство со др. Димко Кокароски)

Финансиите во земјите од Југоисточна Европа-битен услов за економска и финансиска интеграција, *Меѓународен симпозиум "Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа"*, Економски факултет-Прилеп, декември 2000 (во коавторство со др. Димко Кокароски)

Улога организационе културе у стратегијском менаџменту трговинских предузећа, Стратегијски менаџмент у трговији, мај 2000, Економски факултет Суботица, (во коавторство со др. Љупчо Печијарески и др. Димко Кокароски)

Economic Cooperation and Integration of the Countries in Southeastern Europe, *International Conference in Economics IV,* Economic Research Center-Middle East Technical University, Ankara, September 13-16, 2000 (vo koavtorstvo so d-r Dimko Kokaroski)

Poverty, Unemployment and Social Stability in the Countries of South Eastern Europe, *International Conference "Statistics, Development and Human Rights"*, IAOS, Montreux, 4-8 September, 2000

Трансформација на институционалната структура и економскиот раст на земјите во транзиција, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалната икономика в условијата на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

Монетарниот суверенитет услов за ефикасна монетарна политика – на примерот на Р.Македонија, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалната икономика в условијата на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

Социо-економските перформанси на постојната монетарна политика на Р.Македонија, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалната икономика в условията на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

***Публикувани трудови***

**1.Книги**

- Меѓународна трговија, Економски факултет-Прилеп, 2003 год
- Транзицијата во Македонија – меѓу теорија и пракса, *НИП "Метафора"* – Прилеп, 1998 год., во коавторство со д-р Љупчо Печијарески
- Светска регионализација - структурните промени и новата регионална поделба на светското стопанство, *Економскиот факултет - Прилеп*, 1995 год.;

**2. Реферати**

Globalization, structural changes and economic growth, International conference *"Contemporary Tendencies and Policies in Structural Changes in the Economy"*, University Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Economics, Skopje, 17-18 October, Ohrid, 2005

Глобализация: взаемодействие в рамках многообразия, Глобализация и крупные полупериферийные страны, Научные доклады, "Международные отношения", Москва, 2003

Economic Co-operation and Development of the Balkan Countries – Prospects and Limits, 9th *EADI General Conference "Europe and the South in the 21st Century-Challenges for Renewed Cooperation"*, Paris, 22-25 september, 1999, Editions Karthala, 2002

Economic cooperation between the European Union and South-Eastern Europe: Towards Stability, Integration and Growth, *10th General Conference of EADI " EU Enalgement in a Changing World, Challenges for Development Co-operation in the 21st Century"* , 19-21 September 2002, Ljubljana, Slovenia, http://www.eadi.org/gc2002/wg/rocheska.pdf

Economic Cooperation and Integration of the Countries in Southeastern Europe, *International Conference in Economics IV*, Economic Research Center-Middle East Technical University, Ankara, September 13-16, 2000 (vo koavtorstvo so d-r Dimko Kokaroski).

Poverty, Unemployment and Social Stability in the Countries of South Eastern Europe, *International Conference "Statistics, Development and Human Rights"*, IAOS,Montreux,4-8September,2000
http://www.statistik.admin.ch/about/international/roceska_final_paper.doc

Улога организационе културе у стратегијском менаџменту трговинских предузећа, Стратегијски менаџмент, бр.2, 2000, Економски факултет Суботица, (во коавторство со др. Љупчо Печијарески и др. Димко Кокароски);

Трансформација на институционалната структура и економскиот раст на земјите во транзиција, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалната икономика в условијата на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

Монетарниот суверенитет услов за ефикасна монетарна политика – на примерот на Р.Македонија, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалната икономика в условијата на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

Социо-економските перформанси на постојната монетарна политика на Р.Македонија, во коавторство со Д.Кокароски и Љ. Печијарески, Научна конференција *"Реалнета икономика в условијата на паричен свет"*, Југозападен Унивеситет "Неофит Рилски", Икономически Факултет, Враца, 2000г.

**3.Статии**

Трговијата, отвореноста и растот во глобалната економија,
Зборник на трудови на ДНУ, , Друштво за наука и уметност-Прилеп, 2005/2006 (во печат, во коавторство со Оливера Костоска)

Конкурентноста во новата економија, *"Економија и Бизнис"*, Списание за теорија и практика, година VIII, бр. 95, ноември 2005, Скопје

Методи за мерење на активностите на транснационалните корпорации, Годишник на Економски факултет-Прилеп, 2005год.

Новиот регионализам, глобализацијата и економскиот развој, Прилози бр. XXXV 1-2, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2004 год.(во коавторство со проф. Сашо Атанасоски)

Политика за развој на мали и средни претпријатија во Р. Македонија, Зборник на трудови на ДНУ, Том 19/20, Друштво за наука и уметност-Прилеп, 2003/2004

Насоки за трансформација на високото образование во Р.Македонија според болоњскиот процес, Годишник, Економски факултет, Прилеп, 2003 год.

Политекономските аспекти на процесите на глобализација и регионализација, *"Економија и Бизнис"*, Списание за теорија и практика, година VI, бр. 67-68, јули 2003, Скопје (во коавторство со др. Сашо Атанасоски)

Интердисциплинарен пристап во регионалната соработка и економскиот развој, *« Балканска газета »*, год.II, бр.30, 2 јули 2003год., Битола

Некои теоретски и емпириски контроверзи за глобалната економија, *"Економски развој"*, год.4, бр.2-3, том 2, Списание на Економски институт-Скопје, Скопје, 2002 год.

Новите предизвици на светската трговска организација, *Економија и Бизнис*, Списание за теорија и практика, година V, бр. 49, јануари 2002, Скопје

Политика за привлекување странски директи инвестиции, *Економија и Бизнис*, Списание за теорија и практика, октомври, 2001, Скопје

Некои аспекти за економските импликации од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, *Економија и Бизнис*, Списание за теорија и практика, јуни 2001, Скопје

Економската соработка и интеграција на земјите од Југоисточна Европа-нов развоен дискурс, *Економија и Бизнис*, Списание за теорија и практика, јануари 2001, Скопје, (во коавторство со др. Димко Кокароски)

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на досега изнесеното недвосмислено може да се заклучи дека проф. д-р Славица Роческа постигнува исклучителни резултати во вршењето на научно-истражувачката и наставно-образовната дејност.
Научна преокупација на проф. д-р Славица Роческа е истражување и проучување на прашања и проблеми од областа на меѓународната економија.. Притоа научната работа на проф. д-р Славица Роческа се одликува со темелен , научно аргументиран и креативен пристап во процесот на истражување, и со концентриран, прецизен и елоквентен начин на презентирање на добиените резултати преку бројните објавени трудови и учества на голем број на научни симпзиуми и трите досега објавени книги.
Научните дострели на овие резултати на проф. д-р Славица Роческа се мошне високи заради што таа е веќе познат и респектиран научен работник не само во Република Македонија туку и надвор од неа. Овој наш заклучок добива уште поголемо значење и тежина кога ќе се земе во предвид нагласената сложеност и комплексност на

проблематиката на меѓународната економија особено денес во услови на силно манифестираните процеси на економска глобализација и на нејзината испреплетеност со останатите димензии на глобализацијата. Во такви услови истражувањето и проучувањето на овие процеси е вистински научен предизвик којшто Роческа го прифаќа и успева да даде евидентен и значаен научен придонес во објаснувањето и расветлувањето на некои од многубројните глобални економски проблеми и предизвици пред чиешто решавање и надминување се исправени денес националните држави и меѓународната заедница.

Како наставник проф. д-р Славица Роческа се одликува со својата висока професионалност во извршувањето на работните обврски и со нејзиниот коректен однос кон студентите заради што е ценет и омилен професор. Во овој контекст особено би сакале да го потенцираме придонесот којшто со својот учебник " Меѓународна трговија "колешката Роческа го дава за процесот на едукација на кадри од областа на меѓународната економија на економските факултети во Република Македонија.

Имајќи ги во предвид овие констатации за наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на проф. д-р Славица Роческа Рецензентската комисија едногласно и со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп проф. д-р Славица Роческа да ја избере за редовен професор по предметот Меѓународна економија на Економскиот факултет – Прилеп.

Лектура:

Анкица Стојаноска

КОМИСИЈА:

1. Д-р Сашо Атанасоски, редовен професор

2. Д-р Десанка Василева, редовен професор

3. Д-р Марика Башеска, редовен професор